**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
- ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ -

УП бр.1310-14
Бр.на постапка 60846
од .04.2024 година
Велес

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 51 од Статутот на Општина Велес, (Сл. Гласник 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), Градоначалникот на Општина Велес го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ
### За организирање на јавен увид по

Урбанистички проект вон опфат наурбанистички план со намена Е 1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 1290/1, дел од КП 11290/2 и дел од КП 11291, КО Велес, Општина Велес со моќност до 3,0 mw.

Границата на проектниот опфат се движи:

- на север границата коинцидира со КП 15566;
- На исток границата коинцидира со дел од границата на КП 11291/1, КП 11475, КП 11288;
- На запад границата коинцидира со КП 11461, КП 11294, КП 11292;

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 2,56ха (25636м2).

Јавниот увид за Урбанистички проект вон опфат наурбанистички план со намена Е 1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 1290/1, дел од КП 11290/2 и дел од КП 11291, КО Велес, Општина Велес со моќност до 3,0 mw, ќе се спроведе со објавување на службената веб страна на Општина Велес.

Јавниот увид ќе трае 15 дена, од 18.04.2024 до 02.05.2024 година, на службената веб страна на Општина Велес (www.veles.gov.mk). Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења.

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев